ADING

# ПОДИНГ-К

*Монолитна завршна обработка, за механички оптоварени подови, произведена на цементна основа, адитиви и висококвалитетни полнила.*

## Област на примена:

За подови од кои се бара висока абразивна отпорност и во објекти каде што се одвива транспорт на тешки возила како што се: магацини, ладилници, паркиралишта, работилници, авто-сервиси, бензински станици, хелиодроми и сл.

## Својства:

- Прашкаста обоена смеса;
- Монолитност со подлогата;
- Водонепропустливост;
- Високи физичко-механички карактеристики;
- Нетоксичен;
- Едноставна изведба;
- Одлична абразивна отпорност;
- Декоративност - можност за изработка во повеќе нијанси;
- Отпорност на масла;
- Лесен за одржување;
- Економичен;
- Дебелина на слојот 3-5 мм;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска маса (зацврснат): | 2,1 - 2,3 гр/см$^3$ |
| Абење: | 10 см$^3$/50 см$^2$ |
| Јакост на свиткување: | 10,0±1 МПа |
| Јакост на притисок: | 70,0±5 МПа |

## Подготовка на подлогата:

Мешавината за бетонската подлога треба да содржи минимум 300 кг/м$^3$ цемент и да биде правилно компонирана за да се избегне сегрегација. Употребата на водоредуцирачки адитив Суперфлуид, во бетонот, се препорачува со цел да се добие водоцементен однос под 0,55. Конзистенцијата на бетонската мешавина пред вградување треба да е помеѓу 75 - 100 мм.

## Вградување:

Подинг-К треба да се нанесе со рамномерно нафрлување на 4-5 кг/м$^2$. Нанесувањето треба да почне веднаш кога бетонската подлога ќе врзе до степен кога работникот може да се движи по неа (со нагазнување остава трага со длабочина од 3 до 6мм). Сувиот нанесен материјал Подинг-К ќе може целосно да ја апсорбира влагата на бетонската површина. Расфрлувањето на материјалот во зависност од отворениот фронт на работа се врши рачно, со механички дозер-расфрлувач или машински.

Подинг-К се нанесува во две фази:

а) Првото нанесување се врши со рамномерно нафрлување на 2-3 кг/м$^2$, врз бетонската подлога. Кога материјалот целосно ќе ја затемни нијансата како последица на впивањето на влагата од бетонот, треба да се почне со втиснување и порамнување во подлогата. По краевите на објектот се работи со дрвени глетарки, а на отворена површина со ротациони машини - "хеликоптерки" со метална плоча.

б) Веднаш по глетувањето на првиот нанос, рамномерно се нафрлуваат останатите 1-2 кг/м$^2$ од Подинг-К. Повторно се чека новиот нанос да ја апсорбира водата од подлогата и се глетува (до црн сјај) со метални глетарки - машински монтирани на ротациона машина - "хеликоптерка", на отворена површина. Краевите се обработуваат рачно.

Бројот на работниците и машините треба да се приспособи на отворениот фронт на работа, со цел да се добие уедначена и едновремено обработена површина.

24-48 часа по вградувањето на бетонот, потребно е да се исечат работни фуги кои формираат полиња од 9-12 м$^2$. Широчината на дилатационите спојници изнесува 4-6 мм, а длабочината најмалку 1/3 од дебелината на бетонската подлога. Работните фуги се исполнуваат со еластичен кит Адингакрил.

Негувањето на подлогата е исто како и при сите бетонски подни плочи. Правилното негување е многу важно за да се добијат проектираните физичко-механички карактеристики на подот.

ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ

## Потрошувачка:

4 - 6 кг/м²

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 30 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба 12 месеци.

## Стандардни бои:

Сива, зелена и црвена.

Забелешка:
Можна е изработка и во други бои, на посебно барање на купувачот.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување на прашкастата компонента. При инцидентен контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар:
Подинг-К е незапалив прашок
Чистење и депонирање:
Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*